Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

Примено: 27.10.2014

| Орг. единица | Број | Прилог |
| --- | --- | --- |
| 10 | 5193 | 1 |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ИЗВЕШТАЈ
од контролниот надзор на програмскиот сервис на
Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово,
емитуван на 7 октомври 2014 година**

***<u>Предмет на надзорот:</u>***

- **Член 54 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
  (не е дозволено идентификување на спонзор во текот на документарните и на програмите за деца).

*На 29 август 2014 година, за непочитување на член 54 став 9 од Законот, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 4 август 2014 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена на ТРД ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

***<u>Констатации:</u>***

Со контролниот надзор на програмскиот сервис на ТРД ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово, емитуван на 7 октомври 2014 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), **<u>во целост постапил по решението</u>**, односно ја отстранил извршената повреда на член 54 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:
27.10.2014 година*